РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. УП 14-1087
08-09-2016

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15,20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од прв и втор циклус на студии при Меѓународен универзитет во Струга

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми при Меѓународниот Универзитет во Струга по: студиската програма по криминалистика и детективи од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Правни науки; студиската програма по Јавна администрација од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Правни науки; студиската програма по Правосудни студии од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Правни науки; студиската програма по Дипломатија и меѓународни односи од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Политички науки; студиската програма по Компјутерски науки од прв циклус тригодишни студии на Факултетот за Информатичка технологија; студиската програма по Бизнис информатика од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за информатичка технологија; студиската програма по Маркетинг и финансиски менаџмент од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Економски науки; студиската програма по Економија и бизнис од прв циклус тригодишни студии и студиска програма по Економија и бизнис од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за економски науки, сите единици во состав на Меѓународниот Универзитет во Струга.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр. 15-160/8 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/9 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/6 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/7 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/10 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/11 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/3 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/12 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/14 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/15 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/2 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/3 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/4 од 04.12.2014, Решение бр. 15-160/5 од 04.12.2014 година за акредитација на студиски програма наведени во точката 1 од ова Решение од прв и втор циклус на студии при единиците во состав на Меѓународниот Универзитет во Струга, истиот со допис под нивен бр. 03-140/1 од 20.04.2015 година се обрати до Министерството за образование и наука со барање за издавање на Решение за почеток со работа на студиските програми од точка 1 во ова Решение.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 14-10150/1 од 19.05.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.05.2015 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 14-1087 од 05.08.2016 година, каде е наведено дека студиските програми при Меѓународниот Универзитет во Струга по: студиската програма по криминалистика и детективи од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Правни науки; студиската програма по Јавна администрација од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Правни науки; студиската програма по Правосудни студии од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Правни науки; студиската програма по Дипломатија и меѓународни односи од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Политички науки; студиската програма по Компјутерски науки од прв циклус тригодишни студии на Факултетот за Информатичка технологија; студиската програма по Бизнис информатика од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за информатичка технологија; студиската програма по Маркетинг и финансиски менаџмент од прв циклус тригодишни студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за Економски науки; студиската програма по Економија и бизнис од прв циклус тригодишни студии и студиска програма по Економија и бизнис од втор циклус двегодишни студии на Факултетот за економски науки, сите единици во состав на Меѓународниот Универзитет во Струга, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска
контролиран: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити